V

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа( Службен весник на РМ" бр.05/2006), Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2022 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.17/2021 и 5/2022) Општина Гази Баба објавува

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
бр. 08-6838/1
18.11.2022 год.
СКОПЈЕ

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за пројавување интерес за реализација на заедничка активност- набавка и поделба на новогодишни пакетчиња и пакети со храна и хигиенски средства**

До сите Здруженија на граѓани и организации регистрирани на територијата на Општина Гази Баба, заедно со општината да реализираат социјално хуманитарна активност за ранливи категории.

За реализација на активноста општината ќе обезбеди финансиски средства, предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година , од Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2022 година во износ од 220.000,00 денари.

Здружението или организацијата потребно е да обезбеди :

- дистрибуција на социјално-хуманитарната помош за ранливи категории - пакети со храна и хигиенски средства
- дистрибуција на новогодишни пакетчиња за ранливи категории
- сопствен превоз
- ангажирање на волонтери

Заинтересираните субјекти потребно е да достават:

1. Пријава
2. Статут и Решение за регистрација

Пријавата со целокупната документација се доставува преку пошта, на адресата на Општина Гази Баба ул.„ Архимедова" бр. 2 1000 Скопје, или во архивата на Општина Гази Баба секој работен ден од 09.00 до 15.00 часот, во затворен плик со назнака "За јавен повик за пројавување на интерес за реализација на заедничка активност - набавка и поделба на новогодишни пакетчиња и пакети со храна и хигиенски средства "со ознака "Не отворај" ( на кој ќе биде точно наведено час и датум на архивирање).

Јавниот повик трае 5 (пет) дена од објавувањето на веб-страницата на Општина Гази Баба.

**Напомена:** Пријавите доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бобан Стефковски**

изготвил: Анита Илиевска АИ

одобрил: секретар на општината
Невенка Стаменковска Стојковски